*ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ*
*НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

# *Блиско Источен респираторен синдром асоциран со коронавирус (MERS-CoV)*

## Информации за здравствени работници

**30.07.2013**

**Скопје**

## БЛИСКО ИСТОЧЕН РЕСПИРАТОРЕН СИНДРОМ – КОРОНАВИРУС (MERS-CoV) ИНФОРМАЦИИ ЗА МАТИЧНИТЕ ЛЕКАРИ

***Блиско Источен репираторен синдром – коронавирус (Middle East respiratory syndrome coronavirus, MERS-CoV) е вирусна респираторна инфекција која за првпат е регистрирана во Саудиска Арабија во 2012 година.***
***Предизвикана е од корона вирусот кој е наречен MERS-CoV.***
***Поголем број од заболените лица со потврдена инфекција со MERS-CoV, развиле тешко респираторно заболување проследено со висока температура, кашлица и потешкотии при дишењето.***
***Кај половина од заболените, болеста завршиле со смртен исход***.

### ***Кои се корона вируси?***

Коронавирусите се голема фамилија на вируси кои предизвикуваат заболување кај луѓето и животните. Кај луѓето, коронавирусите може да предизвикаат болести кои според сериозноста се движат од настинка до тежок акутен респираторен синдром (САРС).
Новиот коронавирус, за прв пат е откриен кај луѓето во април 2012 година. Во повеќето случаи предизвикува тешка болест. Смртен исход е забележан кај околу половина од заболените лица.
Овој нов коронавирус сега е познат како Блиско Источен респираторен синдром - коронавирус (MERS-CoV), именуван од страна на Студиската група за коронавируси на Меѓународниот комитет за таксономија на вируси, во мај 2013 година.

### ***Каде и колку се распространети инфекциите со MERS-CoV ?***

Досега, девет земји пријавиле случаи на инфекции кај луѓе со MERS-CoV. Случаи на заболување се пријавени во Обединетото Кралство, Франција, Германија, Италија, Јордан, Катар, Саудиска Арабија, Тунис и Обединетите Арапски Емирати. Сите случаи имале некоја врска (директна или индиректна) со Блискиот Исток.
Во Франција, Италија, Тунис и Обединетото Кралство, се случила ограничена локална трансмисија меѓу луѓе кои не биле на Блискиот Исток, но и тие биле во близок контакт со лабораториски потврдени или сомнителни случаи.
Колку е распространет овој вирус сѐуште не е познато. Затоа, СЗО ги поттикнува земјите да продолжат внимателно да ги следат тешките акутни респираторни инфекции (SARI) и внимателно да ги иследуваат сите невобичаени SARI или пневмонии.

### ***Кои се симптоми на инфекција со MERS-CoV?***

Инфекција со MERS-CoV се манифестира како акутна, сериозна респираторна болест со симптоми на треска, кашлица, глад за воздух и тешкотии при дишењето. Иако најголем број од заболените развиле пневмонија, еден дел имале гастроинтестинални симптоми со дијареа, а кај некои се појавиле бубрежни тегоби. Околу половина од заразените со MERS-CoV починале. Кај пациентите со имунолошки дефицит, болеста може да има атипична презентација.

*Важно е да се напомене дека сегашното разбирање на болеста предизвикана од оваа инфекција е базирано на ограничен број на случаи и може да се промени со добивање на нови сознанија за овој вирус.*

***Како човекот може да се зарази со овој вирус?***

Сѐуште не се знае точниот начин како луѓето се заразуваат со овој вирус. Истражувањата се насочени кон утврдување на изворот на вирусот, типовите на експозиција кои може да доведат до инфекција, начинот на трансмисија, како и клиничката слика и текот на болеста.

***Дали вирусот може да се пренесе од човек на човек?***

Да. Досега се забележани повеќе кластери на случаи каде настанала трансмисија од човек на човек, и тоа најчесто во здравствени установи, меѓу членови на семејството или помеѓу соработници/колеги. Сепак, механизмот на трансмисија во сите овие случаи - дали е капков (на пр. кашлање, кивање) или директен физички контакт со заразеното лице или контаминација на животната средина од страна на болниот, не е познат. Досега не е забележана одржливост на трансмисија во заедницата.

***Дали постои третман или вакцина за MERS-CoV инфекции?***

Третманот е симптоматски, супортивен и се базира на клиничката состојба на болниот во даден момент. Во моментов нема соодветна вакцина.

***Како човекот да се заштитат од инфекција со MERS-CoV?***

Не е можно да се даде конкретен совет за превенција, бидејќи сѐуште не се познати со сигурност ниту изворот на вирусот, ниту начинот на трансмисија.

Секогаш е разумно и треба:

- да се избегнува близок контакт, кога е можно, со секој кој покажува симптоми на респираторна болест
- да се одржува редовна хигиена на рацете.

Други ефективни општи мерки вклучуваат:

- избегнување на консумација на термички необработено или недоволно обработено месо, неизмиено или неизлупено овошје или зеленчук,
- консумирање на пијалоци подготвени со неисправна вода.

Ако човек се разболи при патување:

- ✓ треба да избегнува близок контакт со други луѓе се додека постојат симптоми
- ✓ да одржува добра респираторна хигиена.

Ако се појават респираторни симптоми, како што се кашлање или кивање, треба да се кашла или кива во ракавот со свиткан лакт, или во марамче, кое веднаш по употребата се фрла во корпа за отпадоци.

***Можноста за заразување со MERS-CoV се мали!!!***

***Сепак, се препорачува ВЕДНАШ да се јават на лекарски преглед сите лица кои ги исполнуваат следните критериуми:***

- ***Патувале на Блискиот Исток и развиле потешкотии во дишењето, кои не може да се поврзат со која било друга болест или вирус.***
- ***Болни лица кои се имунокомпромитирани, а кои неодамна патувале на Блискиот Исток!***

## ***Дали здравствените работници се изложени на ризик од MERS-CoV?***

Да. Забележана е трансмисија во здравствените установи, вклучувајќи трансмисија од пациентите на лекарите. СЗО им препорачува на здравствените работници постојано да ги применуваат соодветните мерки за превенција и контрола на инфекција.

## ***Што препорачува Светската Здравствена Организација на земјите-членки?***

Светската Здравствена Организација (СЗО) им препорачува на сите земји-членки да го засилат надзорот над тешките акутни респираторни инфекции (SARI) и внимателно да ги иследуваат сите случаи на невобичаени SARI или пневмонии.
СЗО се залага земјите-членки редовно и навремено да известуваат за сите веројатни или потврдени случаи на инфекција со MERS-CoV.

## ***Дали се препорачува ограничувања на патувањата или трговијата?***

Не. Светската Здравствена Организација не препорачува било какви рестрикции при патување или трговија во однос на MERS-CoV.

Корисни линкови во врска со MERS-CoV:

- http://www.ecdc.europa.eu/en/healthtopics/coronavirus-infections/Pages/index.aspx
- http://www.who.int/csr/disease/coronavirus_infections/IPCnCoVguidance_06May13.pdf
- http://www.who.int/entity/csr/disease/coronavirus_infections/en/index.html
- http://www.who.int/csr/disease/coronavirus_infections/case_definition/en/index.html
- http://www.who.int/entity/csr/disease/coronavirus_infections/en/index.html
- http://www.cdc.gov/coronavirus/mers/index.html
- http://www.cdc.gov/coronavirus/mers/case-def.html